Уп. бр. 08-57

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ со седиште на ул.7405 број 8 Пинарбаши Борнова Измир Р.ТУРЦИЈА, доставено преку Семра Ламче Хоџа, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 09.04.2025 година, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ со седиште на ул.7405 број 8 Пинарбаши Борнова Измир Р.Турција ќе стекне 85% од уделите во Друштвото за производство трговија и услуги АСИ ТРАДЕ-М ДОО Скопје со седиште на ул. Славко Јаневски бр. 3-2/86 Кат-5 Скопје – Центар, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 06.03.2025 година, а дополнето на ден 13.03.2025 година и 14.03.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ со седиште на ул.7405 број 8 Пинарбаши Борнова Измир Р.Турција, со кое КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ ќе стекне 85% од уделите во Друштвото за

производство трговија и услуги АСИ ТРАДЕ-М ДОО Скопје со седиште на ул. Славко Јаневски бр. 3-2/86 Кат-5 Скопје – Центар, по пат на купопродажба на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ** се занимава со услуги за инсталација на опрема за контрола на индустриски процеси (вклучително и поддржана автоматизација). Друштвото во својата матична држава делува во повеќе сегменти од енергетскито сектор со цел обезбедување на енергетска ефикасност, врши изградба по принцип „клуч на рака“ на електрични системи и системи за автоматизација во електрични постројки, развива проекти за изградба на соларни централи од обновливо извори по принцип „Клуч на рака“. Во меѓународниот пазар, Друштвото учествувал во различни проекти како во Грузија, Бугарија,Северен Кипар, Либија, Шпанија и Египет, во продолжение ќе ги резимираме неколку од завршените проекти: Друштвото реализирал проект за изградба и целосна електрификација на прочистителна станицата за третман на отпадни води од снабдување со енергија до автоматизација т.е во постројката за третман на отпадните води се користи интензивна енергија во зависност од процесот и опремата што се користи за време на работа на станицата за третман на отпадни води а трошоците за енергија се најважниот дел од буџетот на вршителите на ова дејност.Управувањето со енергија во отпадните води и прочистителни станици, поради зголемени трошоци за енергија станаа најважен проблем на глобално ниво. Со користење на иновативни методи е воспоставен систем каде што во прочистителна станица е постигната енергетска ефикасност со значително намалување на трошоците за енергија.

КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ реализирал проект за комплетна електрификација од изработка на проект, набавка на трансформатори и ќелии, изработка и проектирање на панели за автоматизација, снабдување со енергија по принцип клуч на рака.

КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ учествувал во проект за изградба и изведување на хидраулични работи: автоматизација и погонски систем на 6 средно напонски пумпни станици;

Во Либија, КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ учествувал во државен хидрауличен проект “Great Man-Made River“ изградба на цевководниот систем кој носат чиста вода од изворите до центрите на градовите ,автоматизација на пумпите и станиците за вода за снабдување.

Главната дејност на КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ е да понуди инженерски решенија на инвеститорите со комбинирање на решенија за поизводство на елетрична енергија а притоа при самото производство постигнување на енергетска ефикасност со кристење на ресурси од обновливи извори на енергија и во секое поле од индустријата со технологии за дигитална автоматизација и визуелизација се до финалната фаза предавање на проект по принцип „Клуч на рака“.

КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ во енергетскиот сектор во моментот игра важна улога во намалување на штетните влијанијата врз животната средина со одржливи и проекти со додадена вредност низ цела Турција, со нејзините 7 главни оперативни единици кои се состојат од: Energy Storage, Automation, Drives, Engineering, Solar, Solar Alliance i Solargy.

КОН-ТЕК КОНТРОЛ ТЕКНОЛОЖИЛЕРИ ВЕ ОТОМАСЈОН САНАЈИ ТИЏАРЕТ АНОНИМ ШИРЕКТИ нема учество во ниту една друга компанија во Северна Македонија.

-**Друштвото за производство трговија и услуги АСИ ТРАДЕ-М ДОО Скопје** е друштво со ограничена одговорност основана во Република Северна Македонија со основна дејност- производство на електрична енергија. Друштвото развива соларн/фотоволтаичен проект во с. Тоолово Општина Пробиштип со номинална моќност од 111MWP. Овој проект е во фаза на развој, односно изградба на соларна централа и во најблизок можен период се очекува да започне со производство и продажба на електрична енергија.

Друштвото за производство трговија и услуги АСИ ТРАДЕ-М ДОО Скопје нема учество во ниту една друга компанија во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**